# Д О П О Л Н И Т Е Л Е Н   К О Н К У Р С

**за запишување студенти на втор циклус студии**
**на студиските програми**
**на Факултетот за драмски уметности при**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“**
**во учебната 2012/2013 година**

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје донесена на 158. седница, одржана на 22.2.2012 година и Одлуката на Владата на Р.М. бр. 41-4756/1 од 15.8.2012 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**
**за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2012/2013 година**

**I. Број на студенти**

На Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во прва година на втор циклус студии во учебната 2012/2013 година ќе се запишат **следниов број студенти:**

| ФАКУЛТЕТИ / ИНСТИТУТИ | број на студенти | траење во семестри | цена на студирање* |
|---|---|---|---|
| **Факултет за драмски уметности** | **69** | **2** | |
| **театарски (сценско-изведувачки) студии** | **36** | **2** | |
| - модул: театрологија | 5 | 2 | 2000 |
| - модул: драматургија | 5 | 2 | 2000 |
| - модул: продукција | 6 | 2 | 2000 |
| - модул: актерска игра | 10 | 2 | 2500 |
| - модул: театарска режија | 10 | 2 | 3500 |
| **филмски (аудиовизуелни) студии** | **33** | **2** | |
| - модул: сценарио/драматургија | 3 | 2 | 2000 |
| - модул: филмско и тв сценарио | 6 | 2 | 2000 |
| - модул: филмска и тв режија | 10 | 2 | 3500 |
| - модул: филмско и електронско снимање | 7 | 2 | 2500 |
| - модул: монтажата како аудиовизуелно естетско поимање | 7 | 2 | 2500 |

**I. Право на конкурирање**

Право на конкурирање имаат кандидати што ги исполнуваат следниве општи услови:

- да завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии и кои исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниот факултет, односно научен институт.

**II. Документи за пријавување**

Пријавувањето се врши на соодветниот факултет односно научен институт.
Со пријавата кандидатите поднесуваат:

- пријавен лист за запишување;
- диплома за завршен прв циклус студии;
- куса биографија (CV);
- потврда за знаење странски јазик;
- препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
- список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатите имаат);
- документи за евентуални награди, признанија и други документи.

**III. Рокови за пријавување на кандидатите**

- Кандидатите се пријавуваат во периодот од **15 до 25 јануари 2013 година**.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиите, заинтересираните кандидати може да ги добијат на УКИМ Факултет за драмски уметности, носител на студиските програми.**

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата:**

**http://www.ukim.edu.mk**